Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 927/2023

Дата: 28-04-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани.**

- Вкупната должина на планираната траса изнесува 6,52 км.
- **Должината на трасата за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 3,77 км**.

Останатиот дел од трасата навлегува во опфати за кои се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y02112 и Y09316.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y15223** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).

4. Условите за планирање на просторот за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.
При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 49955 од 23.02.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 927/2023 од 24.04.2023 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на кабелски подземен вод (NA2XS(F)2Y3X1X400MM2) од ТС 10(20)/0,4 мало стопанство Штипски пат до ТС 10(20)/0,4 Еко Оил за приклучок на електродистрибутивната мрежа на ФНЦ за Сити Плаза, Општина Чешиново-Облешево и Општина Кочани претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнациска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска